**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-133/3**
**Скопје,29.11.2024 година.**

Записник од деветта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 29.11.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на деветтата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записникот од 5-та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ,
2. Разгледување и оценување на Годишниот извештај на ВЈО Скопје и основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје,
3. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп,
4. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје,
5. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка,
6. Разгледување на Нацрт записникот од триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија-Реформска агенда 2024-2027 со текст на Барање од 12.11.2024 година,
7. Разно.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори деветата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред за оваа седница. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од петтата седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на заменик вишиот обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје г-дин Јован Цветановски.

Јавниот обвинител г-дин Јован Цветановски пред да започне со излагањето на извештајот, кажа дека лично не учествувал при изготвувањето на извештајот но ќе се потруди да се разјаснат некои работи доколку за тоа има потреба. Во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на ВЈО Скопје како и со извештаите на основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, и тоа ОЈО Скопје, ОЈО Куманово, ОЈО Гевгелија, ОЈО Кавадарци, ОЈО Велес и ОЈО Крива Паланка за 2023 година. Кажа дека извештајот претходно бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување. Воедно ги запозна членовите на Советот со предизвиците и проблемите со кои се соочуваат јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, со недостатокот на јавни обвинители и стручен кадар, потенцирајќи ја состојбата во ОЈО Гевгелија каде што има само еден јавен обвинител додека во ОЈО Крива Паланка кажа дека веќе десет години нема јавен обвинител. Во овој дел побара од страна на Советот да изнајде некакво решение за подобрување на состојбите за овие јавни обвинителства. Во однос на предметите кажа дека поради штрајкот од три месеци од страна на администрацијата не се заведувале предмети и дека истите биле заведени при крајот на годината што значи бројката ќе се пренесе во 2024 година. Кажа дека јавните обвинители ажурно работат и дека настанатата состојба е веќе санирана. Воедно ги запозна членовите на Советот со бројот на приливот на предмети, сработени предмети и предмети кои се во работање, со структурата на кривините дела, со бројот на сторители на кривични дела како на полнолетни и малолетни лица и со бројката на НН сторители на кривични дела и сето тоа искажани низ бројки и проценти. Заклучи дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства како и во ВЈО Скопје за извештајната 2023 година постапувале професионално, ажурно и стручно ја извршувале јавноонбвинителската функција и покрај намалениот капацитет на јавни обвинители.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодари на јавниот обвинител за изагањето на извештајот и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Марјана Илиеска која кажа дека извештајот ги содржи сите податоци за да може да се извлече заклучок по однос на ажурноста и постапувањето на јавните обвинители. Воедно упати неколку забелешки и прашање во делот на вкупната бројка на кривични пријави по лице од претходната и тековната година во делот на решени и нерешени предмети. Во делот на нерешените предмети смета дека процентот е висок и дека треба да се вложи повеќе напор за да истите бидат решени. Во делот на спогодбите кажа дека бројката е намалена за

34% и кажа дека ВЈО Скопје во 18 случаеви не дало предлог за склучување на предлог спогодби и запраша што е причината за недавањето на согласност. Истакна дека се за пофалба одговорите на жалбите од страна на повеќето јавни обвинителства но сепак смета дека таа бројка би можела да биде и поголема, но со оглед на бројот на јавни обвинители смета дека не би можело да се постигне. Даде забелешка во делот на откажување на жалби во девет случаи вишото јавно обвинителство се откажало од жалбите на основните јавни обвинители. Праша што е причината за тоа. Воедно смета дека извештајот ги содржи потребните податоци и дека ќе гласа за негово усвојување.

Јавниот обвинител Јован Цветановски кажа дека извештајот го има погледано неколку дека пред да го реферира и дека овие бројки и него го заинтересирале. Од кратката анализа што можел да ја направи како причина е тоа што се предложени многу ниски казни воедно даде и образложение зошто таа бројка е толкава. Во делот на откажувањето на жалбите кажа дека бројката е голема но кажа дека може да зборува само во делот каде што лично има постапено, а тоа е во два случаи, каде даде образложение за таквото постапување.

Г-ѓа Светлана Жупаноска кажа дека станува збор за подрачје, кое споредбено со останатите виши јавни обвинителства, е најголемо, а тоа може да се види и од приливот на предмети, кривичните пријави како и бројот на јавни обвинители. Кажа дека извештајот е во принцип добро изработен, ги содржи податоците кои се потребни да ги има еден ваков извештај. Воедно се согласи со забелешките искажани претходно од страна на колешката. Се осврна на барањата за продолжување на рокот за завршување на истражната постапка до Вишото јавно обвинителство Скопје кои се 16 на број, дека за разлика од извештаите од другите обвинителства каде што нема ваков податок, смета дека тука јавните обвинители се охрабруваат да поднесат вакви барања и воедно запраша дали оваа бројка е реална или пак само определен број на јавни обвинители постапуваат на овој начин.

Јавниот обвинител Јован Цветановски кажа дека од извршениот надзор не биле утврдени аномалии во тој дел. Кажа дека во најголем број на случаи се работи за предмети каде се доцни со вештачењето, а тоа е проблем кој што треба да се реши на друг начин и дека исто така има проблеми и со форензиката која постапка трае подолго отколку што треба да биде и дека тука не зависи од јавниот обвинител.

Г-ѓа Светлана Жупаноска исто така се осврна на податокот во врска со дадените предлози во жалбената постапка од страна на ВЈО Скопје, а во однос на деветте случаи на откажување на жалба од страна на ВЈО Скопје, кои жалби биле изјавени од основните јавни обвинителства, постави прашање дали знае кои се причините за тоа.

Јавниот обвинител Јован Цветановски одговори и кажа дека станува збор за бројка од пет откажувања и кажа за кои кривични предмети станува збор и од кои јавни обвинителства.

Г-ѓа Светлана Жупаноста исто така се осврна и на бројот на пријави спрема НН сторители смета дека станува збор за висока бројка, но кажа дека оваа година биле решени голем број на вакви пријави за разлика од претходната извештајна година.

Јавниот обвинител Јован Цветановски одговори дека биле решени застарените предмети.

Г-ѓа Светлана Жупаноста кажа дека има забелешка околу заклучните согледувања од извештајот, за кои наведе дека истите се сиромашни, бидејќи по нејзино мислење истите треба да бидат поопширни, во кратки црти да ги содржат сумарните податоци во однос на поединечните сегменти од работењето на обвинителствата, а видно е дека во заклучните согледувања од овој извештај се наведени само сумарните пподатоци во однос на број на поднесени кривични пријави во 2023 година по лица и нивна споредба со претходната 2022 година.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски истакна дека било наведено дека најголем број на пресуди биле укинати поради повреда на постапката од страна на обвинителството. Праша дали тоа е лично мислење на обвинителот и дали има некаква бројка на таков вид на пресуди.

Јавниот обвинител Јован Цветановски одговори дека од направените анализи на пресудите и од спроведените надзори во последните неколку години се наведува неповреда на процесната постапката, но недостасуваат определени докази и правната квалификација е несоодветна.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски постави прашање дали за тоа било закажан колегиум со основите јавни обвинителства и било дискутирано на таа тема и дали било известено Јавното обвинителство на РСМ.

Јавниот обвинител Јован Цветановски кажа дека состаноците ги држел Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје и дека лично нема одговор на ова прашање.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски се осврна на бројката на укинати предмети поради суштествени повреди на одредбите од ЗКП за 154 лица. Кажа дека може да биде укинати и за повреди на странките, односно обвинетите или пак судот кој прави повреда на постапката. Потенцираше дека во извештајот не можел да види колку има осудителни, одбивателни и ослободителни пресуди искажано во проценти. Во однос на ОЈО Гевгелија кажа дека со негово овластување двајца јавни обвинители од ОЈО Велес одат на испомош во ОЈО Гевгелија.

Јавниот обвинител Јован Цветановски се согласи со констатацијата и укажувањето на јавниот обвинител на РСМ и кажа дека забелешките ќе бидат евидентирани.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека јавниот обвинител г-дин Јован Цветановски во неговото излагање кажал дека во ОЈО Скопје има 172 застарени предмети. Постави прашање дали ВЈО Скопје има издадено укажувања за ваквата состојба во ОЈО Скопје.

Јавниот обвинител Јован Цветановски кажа дека писмени укажувања нема, но во заклучоците кои што се дадени во извештаите, дадени биле напатствија во тој дел и да се направи анализа и контрола на предмети кои што се пред застареност. Кажа дека оваа бројка се провлекува со години наназад. Воедно истакна дека во јавните обвинителства имало јавни обвинители кои што дале оставка од функцијата јавен обвинител оставајќи позади себе илјадници предмети по обвинител и дека тоа се во 99% вратени предмети.

Г-дин Ермон Незири кажа дека извештајот е добро изготвен. Истакна дека станува збор за најголемо подрачје и дека некои проблеми се провлекуваат со години. Сугестиите на Советот дека се работи за извештај за 2023 година, а во претходната година имало парламентарни избори, прекини во работењето но се надева дека наредниот извештај ќе прикаже пореална слика за состојбите на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје. Воедно го подржа извештајот и кажа дека ќе гласа за негово усвојување.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека извештајот на ВЈО Скопје дава пресек на целокупната работа на ова јавно обвинителство. Кажа дека се опфатени сите податоци за постапувањето на јавните обвинители, за сите дејствија што ги имаат превземено во извештајната 2023 година. Кажа дека ангажираноста на јавните обвинители е доста голема и реално е искажана во извештајот. Во делот на конфискациите кажа дека се на добро ниво, дека се почитува одредбата од чл. 275 од ЗКП и со оглед на недостатокот на јавни обвинители и стручна служба смета дека јавните обвинители успешно и прифесионално ги извршувале работните обврски. Постави прашање во делот на одлуките по жалба на решенија за отфрлање на кривичните пријави кога одлучува ВЈО Скопје. Кажа дека е голема бројката по однос на потврдените решенија во ОЈО Куманово. Постави прашање на што се должи тој податок. Воедно позитивно го оцени извештајот и кажа дека ќе гласа за негово усвојување.

Јавниот обвинител г-дин Јован Цветановски кажа дека тоа се должи на природата на кривичните дела и дека се работи за предмети кои се во скратена постапка дека се превземени сите потребни дејствија но се привајуваат кривични дела за кои веќе е започната граѓанска постапка.

Откако никој не зема збор по оваа точка од дневниот ред Заменик ВЈО на ВЈО Скопје г-дин Јован Цветановски ја напушти седницата, по што членовите на Советот пристапија кон гласање за усвојување на Годишниот извештај на ВЈО Скопје и основните јавни обвинителства од ова подрачје за 2023 година. Со 8 гласа ЗА едногласно беше усвоен Годишниот извештај на ВЈО Скопје и основните јавни обвинителства од ова подрачје за 2023 година.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Скопје, со подрачните основни јавни обвинителства ( Скопје, Куманово, Гевгелија, Велес, Кавадарци и Крива Паланка) во 2023 година.**

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека во ОЈО Прилеп е поставен ВД ОЈО на ОЈО Прилеп со оглед дека јавниот обвинител Марјана Илиеска е избрана за член на Советот на јавните обвинители на РСМ и од тие причини смета дека Советот треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп. Воедно предлогот го стави на гласање. Едногласно предлогот на

Претседателот на Советот беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп.**

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека во ВЈО согласно ситематизацијата предвидени се 17+1 јавен обвинител, а во моментот функцијата ја извршуваат десет јавни обвинители со што смета дека Советот треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје по што отвори дускисија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ермон Незири кој кажа дека не е спорно дека недостасуваат јавни обвинители во ВЈО Скопје и дека двајца јавни обвинители во моментот би било идеално решение од причина што Советот мора да се грижи и за состојбите на основните јавни обвинителства. Истакна дека кога во февруари новата генерација на јавни обвинители со завршена обука на АСЈО, ќе има прилив во основните јавни обвинителства, тогаш би можело повторно да се пополни ВЈО Скопје со јавнообвинителски кадар.

Заменик Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими се согласи со предлогот на претседателот на Советот за донесување на одлука за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје, а после февруари месец ќе се види како ќе се постапува понатаму.

Откако никој не зема збор предлогот на претседателот на Советот се стави на гласање. Едногласно со 8 гласа ЗА беше одлучено Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Скопје.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје.**

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека во ова јавно обвинителство подолг временски период нема јавен обвинител па од тие причини смета дека треба да се објави оглас и дека можеби некој ќе изрази желба да се јави на истиот. Воедно предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во ОЈО Крива Паланка по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Заменик Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими се согласи со предлогот на претседателот на Советот и смета дека можеби некој ќе се јави бидејќи многу години во ова јавно обвинителство нема јавен обвинител и дека Советот има обврска да објави оглас.

Г-дин Ермон Незири кажа дека станува збор за погранично место и е со мислење дека некој јавен обвинител од постојните ќе се јави или пак некој со завршена АСЈО.

Откако никој не зема збор предлогот на претседателот на Советот се стави на гласање. Едногласно со 8 гласа ЗА, беше одлучено Советот да

донесе одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во ОЈО Крива Паланка.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка.**

Под точка шест од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека до Советот на јавните обвинители е доставен Нацрт записник од триесет и првата седница на Владата на РСМ и воедно ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот и кажа што се бара од страна на Советот, како и од други Министерства и државни органи. Кажа дека се разговарало со стручната служба и дека се уште нема попрецизен одговор што треба да содржи ова барање и предложи по добивањето на подетални информациите од страна на министерството да се постапи бидејќи рокот е до крајот на месец декември.

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот доставен од страна на вишиот јавен обвинител г-дин Пецо Везироски кој бил назначен за член на Комисијата за завршен испит на АСЈО, но укажува дека бил ментор на некој од кандидатите што сега треба да го полагаат завршниот испит и смета дека тоа е пречка. Кажа дека стапила во контакт со директорката на АСЈО каде било потврдено дека јавниот обвинител бил ментор на кандидат од седмата генерација, а не на осмата генерација која сега го полага завршниот испит и дека нема пречка. Истакна дека Советот и службено во писмена форма ќе се обрати до АСЈО, за да добие и писмен одговор.

Под истата точка од дневниот ред претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека во текот на вчерашниот ден во Министерството за правда бил одржан прв состанок за измена на Законот за јавното обвинителство, како и за измена на Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ. Кажа дека на состанокот присуствувала колешката Кети Петкова и дека истата ќе ги извести членовите на Советот за што било дискутирано на состанокот.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи деветата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Душица Димитриеска**